

# УМС со одговор: Штабот на СДСМ е поранешна зграда на МОН, да почне иницијатива за негова трансформација во студентски дом, чудно како не реагирате на неисплатените стипендии

Пред малку, УСС УКИМ објави соопштение кое искрено се надеваме дека не е пишувано од центарот за комуникации на СДСМ. Во Македонија образованието е урнисано, студентските домови се руинирани, нови не се градат. Да потсетиме што беше ветувано:

1. Нови 4 студентски града ( Битола, Штип, Тетово и Скопје)

2. Младинска гаранција

3. Враќање на младите назад во Македонија

4. Студентска платежна картичка за попусти

На ова немаше вака жолчна реакција , немаше реакција ни за

1. За неизградената зграда на ФИНКИ и ФФК

2. За условите во студентските домови

3.За храната во студентските домови

4. За стипендиите кои беа доделени на децата на функционери на СДСМ

За овие состојби и квалитетот на живот на студентите континуирано алармираме и апелираме до надлежните во последните 5 години. За подобрување на оваа ситуација потребна е стратегија, а не популистички мерки и предизборно манипулирање кое е пракса во последните 5 години. Студентите се иднината на нашата држава и нивниот капацитет и потенцијал државата мора да го препознае.

ВМРО ДПМНЕ после следните предвремени парламентарни избори се обврзува дека ќе ги подобри условите во студентските домови, мензите и храната во нив, квалитетот на образованието кое ќе го добиваат студентите и можностите по завршувањето на

образованието, ќе се зголемат стипендиите, ќе се стимулираат студентите преку повеќе мерки.

Интересен е фактот дека штабот на СДСМ, познатата Бихачка е поранешна зграда на МОН, па ве повикуваме да почнеме иницијатива за трансформација на овој „простор“ во студентски дом.

И за крај ВМРО ДПМНЕ не е штабот, ние сме постојано во комуникација со студентите по улиците, по дискотеките, кафулињата, парковите, читалните.

https://www.facebook.com/UMSVMRODPMNE/posts/pfbid02Wxi9VvC1zSZUfMgecaCreSHzp2jbPvH2Wg7D1nbWincSQMvua6gD6eEhCqEEHvU6l